РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1583/3
23-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница, на ден 20.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1583/1 од 26.03.2026 година, со наводи за сомневање за незаконитости во постапување на лицето --------- ----------- - судија на Основен суд -------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од причина што за конкретниот предметен случај во тек е постапка пред друг надлежен орган - Апелационен суд Скопје, а по однос на наводите за стекнат недвижен имот од страна на предметниот судија во текот на 2025 и 2026 година не се потврдуваат.

Предметот со број 12-1583/1 од 26.03.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 26.03.2026 година, поднесена е пријава, по која е оформен предмет број 12-2974/1 од 14.11.2025 година. Во доставената пријава изнесени се наводи за сомневање за незаконитости во постапување на лицето ------------ ---------- судија на Основен суд ------------ во спроведен судски процес воден во кривичен предмет број К.бр.-------/-- против обвинетото лице ---------------- ---------- обвинет за кривично дело „ Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем и Загрозување на сигурноста" од Кривичен законик против градоначалникот на општина ------------------------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Подносителот на пријавата кој воедно е полномошник на обвинетото лице укажува дека за предметниот случај била донесена сомнителна пресуда од страна на предметниот судија кој учествувал во наведениот судски предмет, па од тие причини од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Исто така во пријавата се изнесени наводи дека посоченото лице во текот на 2025 и 2026 година пред започнување или за време на судската постапка се стекнало со недвижен имот – стан во Скопје.

По разгледување на доставената пријава и прилогот кон истата ДКСК констатира дека во конкретниот случај станува збор за повреда на права кои подносителот може да ги оствари во судска постапка, а воедно за пријавените дејствија во тек е постапка пред Апелационен суд Скопје. Во однос на наводите за непријавена имотна состојба од страна на предметниот судија за периодот 2025 2026 година, Одделението за следење на имотната состојба и интереси на ДКСК пристапи кон интерна проверка на недвижен имот сопственост на именуваната со прибавување на имотни листови преку електронскиот систем на Агенцијата за катастар на недвижности и по преглед на истите констатира дека лицето се нема стекнато со имот во 2025 и 2026 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување од причина што за конкретниот предметен случај во тек е постапка пред друг надлежен орган Апелационен суд Скопје, а по однос на наводите за неевидентиран стекнат недвижен имот од страна на предметниот судија во текот на 2025 и 2026 година не се потврдуваат, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р, Б.К.Ш член на ДКСК

Доставено до:
Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk